Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/24) и член 47-б од Законот за угостителската дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 31/20,16/25 и 134/26), Градоначалникот на Град Скопје донесе:

ПРАВИЛНИК

за изменување на Правилникот за определување на висина на трошоци за постапка за категоризација на куќи, апартмани, станови и собите за одмор во кои се даваат угостителски услуги од физички лица

Член 1

Во Правилникот за определување на висина на трошоци за постапка за категоризација на куќи, апартмани, станови и собите за одмор во кои се даваат угостителски услуги од физички лица бр. 08-8669/1 од 17.07.2026 година, донесен од Градоначалникот на Град Скопје, член 4 се менува и гласи:

- Висината на трошоците за постапка за категоризација на угостителски објекти за сместување за прва и втора категорија е следна:

Реден број	Вид на надоместок	Износ
1	Административна такса – Тарифен број 1	50,00 денари
2	Административна такса – Тарифен број 2	250,00 денари
3	Трошоци во постапката за категоризација	3.000,00 денари
Вкупно:		**3.300,00 денари**

Член 2

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

08-8669/2

Бр.___ Август 2026
Скопје 31-08-2026

Градоначалник на Град Скопје

Орце Ѓорѓиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПJE QYTETI I SHKUPIT-SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT